Врз основа на член 24 став 2 од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЗИВОТ, СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА СЕРТИФИКАТОТ ЗА ЗНАЕЊАТА, ВЕШТИНИТЕ, СПОСОБНОСТИТЕ И КОМПЕТЕНЦИИТЕ СТЕКНАТИ ОД ПОСЕБНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува називот, содржината и формата на сертификатот за знаењата, вештините, способностите и компетенциите стекнати од посебните програми за образование на возрасните .

## Член 2

Називот на сертификатот за знаењата, вештините, способностите и компетенциите се именува според посебните програми за образование на возрасните.

## Член 3

Сертификатот за знаењата, вештините, способностите и компетенциите се издава од страна на установата или институцијата за образование на возрасни (во понатамошниот текст: понудувач на услуги).

## Член 4

Сертификатот за знаењата, вештините, способностите и компетенциите го содржи грбот на Република Македонија и називот „Република Македонија“; името на понудувачот на услуги; називот на сертификатот согласно посебната програма; името и презимето на учесникот, датум и место на раѓање; времетраењето на реализација на посебната програма; стекнатите компетенции според посебната програма за образование на возрасните; место и датум на издавање на сертификатот; потпис и печат на овластено лице на понудувач на услуги и бројот и датумот со кој е верифицирана програмата од страна на Центарот за образование на возрасните.

Содржината и формата на сертификатот е на Образец бр. 1 кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

## Член 5

Сертификатот за знаењата, вештините, способностите и компетенциите е со димензии 29,7 см х 21 см.

**Член 6**

Сертификатот од член 1 од овој правилник се печати на хартија која е хемиски реактивна (4Т  заштита – хемиска заштита).

Во структурата на хартијата вградени се влакненца кои се видливи под UV светлина, а во хартијата е вграден воден знак изведен во неговата структура со правилно размачкување на знакот на сликата во два тона.

По целата ширина на сертификатот, под долниот раб, се вградува видлива испрекината метална лента со која се спречува негово веродостојно скенирање или фотокопирање.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**МИНИСТЕР,**
**Никола Тодоров**

Бр.___________
___________ 2010 година